Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 09-55/4
11 03 20 25

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барањето на **Друштво за градежништво, трговија и услуги НИМАЕР ДООЕЛ Струга** во Општина Петровец поднесено под арх. бр. 09-55/1 од 09.01.2025 година, за одобрување на Проектна програма за УП вон опфат, врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), го издава следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува **Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за објекти со намена А4.3-Викенд куќи на КП.Бр.140/2, КО.Катланово, Општина Петровец.** иницирана од Друштво за градежништво, трговија и услуги НИМАЕР ДООЕЛ Струга.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот Друштво за градежништво, трговија и услуги НИМАЕР ДООЕЛ Струга, поднесе барање за одобрување на **Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за за објекти со намена А4.3-Викенд куќи на КП.Бр.140/2, КО.Катланово, Општина Петровец.,** со технички број 03-126-1/24 од декември 2024 год.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма (pdf)
2. Услови за планирање на просторот со тех бр. Y18124
3. Решение за услови за планирање на просторот
4. Ажурирана геодетска подлога (dwg)
5. Полномошно од инвеститор
6. Имотни листови

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Петровец со Решение бр. 08-59/1 од 10.01.2025 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Проектната програма за изработка на Урбанистичкиот проект со тех.бр. 03-126-1/24 може да се одобри. Истото го потврди со предлог за одобрување - мислење од комисија со бр. 09-55/3 од 27.01.2025 година.

Градоначалникот на општината Петровец по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека

барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24). Врз основа на тоа, а согласно член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Градоначалник**
**Борче Митевски**